**Дополнување на Барањето за Б Интегрирана еколошка дозвола за Друштво за транспорт и услуги „РЕЦКОСС-ТРАНС ЛТД“ ДООЕЛ Скопје - Подружница 3 – Скопје согласно Заклучок (Бр. 08-3788/5 од 07.07.2026) од Град Скопје**

## *III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА*

Дозволата за управување со отпад (складирање, преработка или рециклирање на отпад), со бр. 11-5270) издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на 14.11.2025 год. (период на важност: 2025-2035), која ја поседува, инсталацијата “РЕЦКОСС-ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје - Подружница - 3 – Скопје го содржи и Уверението издадено од општина Кисела Вода во кое се наведува дека инсталацијата “РЕЦКОСС-ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје - Подружница - 3 е лоцирана во опфатот на ГУП за Град Скопје во зона со доминантна намена на површина Г-производство, дистрибуција и сервиси. (Уверение дадено во Прилог 1).

## *IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА*

Кислородните боци кои се користат за оксигенско сечење и заварување на метални делови од отпадот се складирани во кутии во мрежа подигнати од земјата на соодветно покриено, вентилирано и суво место, заштитени од надворешни атмосферски влијанија. Нивната локација во однос на инсталацијата е прикажана на Слика 2. На Слика 2 е прикажан начинот на складирање на кислородните боци.



*Извор: слики од инсталацијата (на ден 08.07.2026, фотографирани од страна на вработените по извршени интервенции на локациите за одлагање на кислородни боци по спроведена посета од страна на одговорни лица од Град Скопје)*

Слика 1 Складирање на кислородни боци, за сечење и заварување на метални делови од отпадот




*Извор: проектна документација од инсталацијата*

Слика 2 Организација на просторот во инсталацијата "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 – Скопје

Батериите и акумулаторите во рамки на инсталацијата "РЕЦКОСС-ТРАНС" се складираат привремено под ново изградена настрешница во соодветни пластични садови подигнати од земјата кои се непропусни и се со соодветна дренажа. Нивната локација во однос на инсталацијата е прикажана на Слика 2. Отпадните батерии и акумулатори потоа се продаваат во инсталации каде што се третираат согласно барањата од националното законодавство. Овие типови на отпадни материјали по селектирањето се предаваат на компанијата "ТАБ МАК", ДООЕЛ Пробиштип, со која инсталацијата има склучено договор за соработка. На Слика 3 е прикажано управување со отпад од батерии и акумулатори во рамки на инсталацијата "РЕЦКОСС-ТРАНС".



*Извор: слики од инсталацијата (на ден 08.07.2026, фотографирани од страна на вработените по извршени интервенции на локации за одлагање на отпадни батерии и акумулатори по спроведена посета од страна на одговорни лица од Град Скопје)*

Слика 3 Приказ на начин на складирање на отпад од батерии и акумулатори во рамки на инсталацијата

Во рамките на инсталацијата на "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3, поточно во северо-источниот дел, направени се преградни ѕидови за одделување на

различните фракции на отпадно железо по неговата селекција. Фотографии од преградните ѕидови се прикажани на Слика 4.



*Извор: слики од инсталацијата (на ден 08.07.2026, фотографирани од страна на вработените по извршени интервенции на локациите за одлагање на отпадно железо по спроведена посета од страна на одговорни лица од Град Скопје)*

Слика 4 Приказ на складиран неопасен отпад во складиштето на инсталацијата

## *XII ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ*

Табела 10 Предлог Програма за подобрување на инсталацијата "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје

| **ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на почеток** | **Датум на завршување** |
| 1. | Активност бр. 1<br><br>Опис на активноста: **Набавка на машина за селекција на алуминиум.**<br><br>Набавка и користење на машина за селекција на алуминиум, ќе обезбеди ефикасно, прецизно и економично издвојување на алуминиумскиот отпад од останатиот мешан отпад, со што се подобрува процесот на рециклирање и се намалува влијанието врз животната средина.<br><br>Одговорно лице за спроведување на оваа активност е Директор/Управител на инсталацијата.<br><br>Документација: фактура од набавка на машината, запис од пуштање ви употреба, упатство за ракување и др.<br><br>*Вредност на инвестицијата: минимум 2.000.000 евра.* | 01.01.2027 | 31.12.2034 |

| ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на почеток** | **Датум на завршување** |
| 2. | Активност бр. 2<br><br>Опис на активноста: **Зазеленување на инсталацијата**<br><br>Со засадување на слободните површини во рамки на инсталацијата преку садење на соодветни дрвни, грмушести и тревни видови ќе се придонесе за намалување на евентуалните емисии на прашина, подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух и намалување на визуелното влијание на инсталацијата врз околината и животната средина.<br><br>Одговорно лице за спроведување на оваа активност е: Директор/Управител на инсталацијата.<br><br>Документација: фотографии пред и по извршеното зазеленување<br><br>*<u>Вредност на инвестицијата: до 5.000 евра.</u>* | 01.04.2027 | 01.05.2030 |
| 3. | Активност бр. 3<br><br>Опис на активноста: **Поставување на економични LED светилки**<br><br>Со замена на постојните светилки со современи LED светилки со висока енергетска ефикасност ќе се намали потрошувачката на електрична енергија, а со тоа ќе се намалат и емисиите на стакленички гасови, ќе се намалат трошоците за одржување поради подолгиот работен век на овие светилки и ќе се обезбеди поквалитетно и порамномерно осветлување на работните и надворешните простории.<br><br>Одговорно лице за спроведување на оваа активност е: Директор/Управител на инсталацијата.<br><br>Документација: фактури од набавка на LED светилки и фотографии од извршената замена<br><br>*<u>Вредност на инвестицијата: до 5.000 евра.</u>* | 01.10.2026 | 01.10.2031 |

| ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на почеток** | **Датум на завршување** |
| 4. | Активност бр. 4<br><br>Опис на активноста: **Поставување на настрешница на поголем дел од објектот**<br><br>Со поставување на настрешници над отворените површини ќе се спречи директното влијание на атмосферските врнежи врз складираниот отпад во рамки на инсталацијата.<br><br>Одговорно лице за спроведување на оваа активност е: Директор/Управител на инсталацијата.<br><br>Документација: фотографии пред и по поставувањето на настрешници<br><br>*Вредност на инвестицијата: до 10.000 евра* | 01.04.2027 | 01.07.2031 |

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Бр. 13 – 7804/2
од 12.08.2025 год.
Скопје

Врз основа на член 4 став 1 алинеја 12 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр.124/15) и службената документација, а по писмено барање **Бр.13 – 7804/1 од 11.08.2025 год. на РЕЦКОСС-ТРАНС ЛТД ДООЕЛ СКОПЈЕ од Скопје,** Општина Кисела Вода издава

**У В Е Р Е Н И Е**

Катастарската парцела **КП 5341/1 КО Кисела Вода 2** се наоѓа во опфатот на Генералниот урбанистички план за Град Скопје согласно **Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 година,** објавена во „Службен Гласник на Град Скопје" бр. 18/2012, во четврт ЈИ 08, во зона со доминантна намена на површина Г - производство, дистрибуција и сервиси, со дел зафаќа во заштитна зона на железница.

Такса по тарифа бр. 1 и 37 од Законот за административни такси („Сл. весник на РМ" бр. 61/2004) е наплатена во износ од 100,00 денари административни такси.

**Изготвил**
Елена Конеска геод.инж.
**Контролирал**
Помошник раководител на сектор
Голубина Арсовска д.и.а.
**Согласен**
Секретар на Општина Кисела Вода
М-р Мирко Ивановски

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК**
Гоце Станкоски д.и.а.


5545
5543/2
E2
6667/4
5341/5
5341/5
6667/1
5341/3
5341/1
5341/2
5340/5
5340/7
5341/8
5341/4
5341/7
5342